Арх. 2020_0202_199 од 30.12.2020 год

Управниот одбор на Друштвото за осигурување УНИКА АД Скопје на седница одржана на ден 30.12.2020 год. ја донесе следната

## ОДЛУКА

### Член 1

Се менуваат и дополнуваат Услови за комбинирано осигурување на моторни возила број 2018/0202-10 од 06.02.20218 г

### Член 2

**Во член 1 се менува став 4 и гласи**

4)Кај договорот за осигурување со неодреден рок на траење ако во полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, осигурувањето се продолжува од година во година освен ако некоја од одговорните страни најдоцна три месеци пред истекот на тековната година на осигурувањето, писмено ја извести другата страна за откажување на договорот за осигурување. Во тој случај, договорот за осигурување престанува со истек на дваесет и четвртиот час од последниот ден на тековната година на осигурување

### Член 3

**Во член 2 се додава нов став 2 кој гласи**

(2) Во случај на промена на сопственост на осигурено возило финансирано на лизинг (целосна исплата на лизингот во рамките на скаденцата), осигурувањето не престанува со извршената промена на сопственост туку осигурителното покритие завршува по истекот на 24 час од денот кој е наведен во полисата како крај на осигурувањето. Во ваков случај после извршена промена на сопственост правата од полисата припаѓаат на новиот сопственик.

**Ставовите (2) ,(3) (4 )и(5) стануваат ставови (3),(4),(5)и (6).**
**По ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи**

(7) Одредбите од овој член се користат и тогаш кога со една полиса се осигурени повеќе возила.

### Член 4

**Во членот 3 се менува став (2) и гласи**

(2) Ако премијата се плаќа со посредство на Пошта или Банка кај која се води сметката на осигурувачот , ќе се смета дека премијата е платена кога до банката кај која се води сметката на осигурувачот ќе пристигне парична дознака во корист на осигурувачот,или

UNIQA АД Скопје, друштво за осигурување
Бул. Илинден бр.1, 1000 Скопје
Тел.: +389 2 32 88 800
Интернет: www.uniqa.mk, E-Mail: info@uniqa.mk

Седиште: Скопје
ГПШ 65,12
ЕДБ: 4030004518463
ЕМБС: 5896100

налог вирман од банката на договарачот да и го одобри на сметката на осигурувачот износот назначен во налогот.

**Во членот 3 се додава нов став (3) кој гласи**

(3) Премијата се плака готовински или вирмански -под готовинско плакање се смета уплата на готови пари или со платежна картичка, на благајната на осигурувачот

**Член 5**

**Во членот 5 се дополнува точка 2 од ставот (1) и гласи:**

2. Веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена, по дознавањето на штетата, да му пријави на осигурувачот дека на осигуреното возило настанала штета со остварување на осигурен случај и колку е можно побргу, а најдоцна во рок од три дена, писмено да ја потврди пријавата;

-Оштетеното лице или корисникот на осигурување го доставува оштетното побарување до Друштвото за осигурување во писмена форма,на образец предвиден од осигурувачот-Пријава на штета.

- Оштетното побарување може да се поднесе лично или преку полномошник ,директно во архивата на Друштвото на адресата на нејзиното седиште или во било која подружница на Друштвото.

-Оштетното побарување може да се поднесе и преку пошта или по електронски пат на следната емаил адреса: info@uniqa.mk

**Во членот (5) се додава нов став (4) кој гласи:**

(4)Доколку осигуреникот не ги приложи бараните податоци и докази се смета дека не го докажал настанувањето на осигурителниот случај, односно висината на штетата.

**Во членот 5 се додава нов став (5) кој гласи:**

(5)Кога договорот за осигурување е склучен преку осигурително брокерско друштво осигуреникот може да побара помош од страна на осигурителното брокерско друштво во случај на настанување на осигурениот случај.

**Член 6**

**Во член 6 се додава нов став (6) кој гласи:**

(6) Друштвото е должно најдоцна во рок од 14 дена од денот на поднесување на барањето за надомест на штета да провери дали кон барањето за надомест е доставена потребната документација за реализација на оштетното побарување и да изврши увид и проценка на оштетувањата.Доколку барањето е некомплетно ,осигурувачот во рокот од 14 дена, по писмен или електронски пат е должен до осигуреникот или од него овластено лице, да побара да се комплетира барањето .

**Во член 6 се додава нов став (7) кој гласи:**

(7) Осигурувачот може да донесе одлука за решавање на штетата и во случај кога осигуреникот не постапил по најмалку две последователни барања за доставување на дополнителна документација од став 3 на овој член,но ваквата одлука не може да биде

донесена во рок пократок од 90 дена од денот на поднесување на барањето за штета.

**Член 7**

**Во членот 10 се додава нов став (2) кој гласи:**

(2)Ако осигурувачот ги измени Условите за осигурување или Тарифата на премии, должен е за тоа писмено, или на друг погоден начин, да го извести договарачот на осигурувањето најдоцна шеесет дена пред истекот на тековната година на осигурувањето.

**Член 8**

**Во член 11 се менуваат став (1) и став (3) и гласат**

(1) Осигурувањето е во важност за време додека возилото се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија и останатите европски земји, доколку поинаку не се договори.

(3) Осигурувањето на возила на работни и други организации кои изведуваат или учествуваат во изведување на градежни, монтажни и слични работи надвор од територијата на Република Северна Македонија посебно се договара.

**Член 9**

**Во Членот 13** зборот „стварно" се менува со зборот „месно"

**Член 10**

**Во член 15 се додава нов став (2 ) кој гласи:**

(2)За стандарно испорачани делови од производителот се сметаат составните делови како фабрички вградена опрема, систем или самостојна техничка единица која како составен дел на определен вид, тип и модел на возило се наведени во договорот за осигурување како и законски пропишаната опрема на возилото.

**Во членот 15 став (2) станува став (3) се менува и гласи:**

(3)Ако посебно се договори (посебни видови на осигурувања), предмет на осигурување можат да бидат:

1. Алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови кои не се стандардно испорачани од производителот;
2. Радиоапарат, телевизор ЛЦД дисплеи, систем за навигација, и радиостаница, на возилото, кои не се вградени во возилото од страна на производителот;
3. Рекламни натписи во возило и на возило.
4. Кровно стакло, блиндирано стакло и други надстандардни вложувања.

**Во членот 15 се додава нов став (5) кој гласи:**

(5)Доколу не е посебно договорено, осигурувачот не е во обврска за исплата на штета за кровно стакло,блиндирано стакло и други надстандардни вложувања во возилото

## Член 11

**Во членот 16 се дополнува точка 12 со**

Осигурувањето не ја покрива штетата во случај:

- на затајување ако сторителот е лице на кое осигуреникот му го дал осигуреното возило на управување и употреба, освен ако истото како посебен ризик не е дополнително договорено;

- ако сторителот на кражба или затајувањето е лице кое е роднина на осигуреникот од прво колено или лице за чие однесување осигуреникот одговара или живее со него во исто домаќинство;
- ако сторителот на кражба или затајување е лице кое е вработено кај осигуреникот;
- ако кражбата е настаната кога возилото е оставено отклучено
-ако кражбата е настаната кога во возилото се оставени отворени прозорците .

Со ова осигурување се покриени и трошоците на делумна (повторно кодирање на клучеви) или целосна замена на брави во случај на кражба на автомобилски клучеви што мора да се докаже со записник од полиција

## Член 12

**Во член 19 точка 14 се брише зборот,,провална,,**

**Во член 19 се додаваат следните нови точки:**

18) поради вода која во текот на возењето ќе продре во просторот за согорување на моторот на возилото, освен кога се спасуваат луѓе
(19) како последица на кривично дело затајување под услови од член 16 од овие Услови за осигрурување
(20) како последица на измама извршена од страна на осигуреникот или лицето на кое осигуреникот му го дал осигуреното возило на управување и употреба;
(21) поради опасности за кои за проширување на осигурителното покритие е потребно плаќање на дополнителна премија, а истата не е платена.
(22) поради замрзнување на разладна течност во системот за ладење на моторот .
(23) поради дефект на погонска едниница мотор менувач поради несоодвено одржување на единицата

## Член 13

**Во член 20 став (1) се менува точка 1 и истата гласи:**

(1) Доколку возачот или осигуреникот не поседува воопшто возачка дозвола,или управува со возило без соодветна возачка дозвола за управување на тој вид на возило или на осигуреникот или возачот возачката дозвола му била одземена или привремено одземена, односно се извршувала определена казна или заштитна мерка за забрана на возење на возило од определен вид или категорија, односно заштитна мерка на забрана на употребата на странска возачка дозвола на територијата на Република Северна Македонија, заштитна мерка одземање на возачка дозвола или казна на престанување на важењето на возачката дозвола;

Ќе се смета дека возачот го управува возилото без возачка дозвола доколку станува збор за возач - почетник и се исполнети условите согласно член 277 од ЗБСП.

**Во член 20 став (1) точка 2 се менува алинеа 1 и гласи:**

- Возачот е под дејство на алкохол ако анализа на крвта или на крвта и урината или со друг метод за мерење на количеството на алкохол во организмот, ќе се утврди дека содржината на алкохолот во крвта изнесува повеќе од 0.50 g/kg или ако присуството на алкохол во организмот е утврдено со соодветни средства или со апарати за мерење на алкохолизираноста (алкометар и друго), што одговара на количества поголеми од 0.50 g/kg или кај кое без оглед на содржината на алкохол во крвта, со стручен преглед ќе се утврди дека покажува знаци на алкохолна растроеност.

Ке се смета дека возачот е под дејсво на алкохол доколку да започне управување со возило,
а во организмот има алкохол повеќе од 0,09 g/kg или ако покажува знаци на алкохолна
растроеност:
-возач-почетник согласно со одредбите од ЗБСП ,
- возачот на моторно возило од категориите: „БЕ", „Ц1", „Ц1Е", „Ц", „ЦЕ", „Д1", „Д1Е", „Д" и
„ДЕ" - додека управува со возило од таа категорија,
- возачот на возило со кое се врши јавен превоз - додека со тоа возило врши јавен превоз,
- возачот на возило на кого управувањето со возило му е основно занимање - додека управува
со возилото вршејќи ги работите од ова занимање,
- возачот инструктор и кандидатот за возач - за време на оспособување во практичното
управување со возило и

**Во член 20 се додава нов став(4) и гласи:**

4)Осигуреникот ги губи правата од осигурување доколку осигуреното возило има фалсификуван број на шасија, односно има број на шасија кој што не одговара на стандардите на производителот

**Во член 20 се додава нов став (5) кој гласи:**

5)Осигуреникот ги губи правата од осигурување доколку доколку осигуреникот или возачот ги прекршил техничките прописи и упатствата на производителот за одржување и користење на осигуреното возило или возилото го користел за поинаква цел од онаа што е определена во договорот за осигурување;

## Член 14

**Во член 23 се додава нов став (3) кој гласи:**

(3)Основ за пресметка на малус се ликвидираните и резервирани штети.

## Член 15

**Во член 25 во став (2) се менува називот во Република Северна Македонија.**
**Во член 25 во став (2) се разграничува и дел од текстот се одвојува и станува став (3) и гласи:**

(3) Кај оштетување на возила (делумна штета) осигурани на **пазарна вредност** висината на штетата се утврдува според износот на трошоците за поправка, и пазарна вредност на делови за замена. Пазарна вредност се смета вредноста на половни репарирани делови.

Во случај на оштетување на стакла замената не се врши со стакла со лого од брендот на возилото туку со стакла од ист производител наменети за комерцијална мрежа, или

стакла со слични карактеристики од друг производител наменети за комерцијална мрежа.

Во секој случај вредноста на деловите за замена (со исклучок на стаклото) се надоместува до висина на пазарна вредност, но не повеке од 50% од новонавбавната вредност на истото.

Во трошоци за поправка се сметаат и трошоци за демонтажа, монтажа и превоз. Висината на штетата може спогодбено да се утврди со пресметка за трошоци на поправката.

**Во член 25 ставовите (3),(4) (5)и (6) се менуваат во став (4),(5),(6) и (7).**
**Во член 25 став (5) на почетокот се додава зборот „ Спасените“**

**Член 16**

Во членот 26 во став (3) се врши разграничување на набројувањата со давање на точка 1 и точка 2,

Точките 1 и 2 станують точки 3 и точка 4.

**Член 17**

Во член 35 во став 2 се додава „Северна„

**Член 18**

Насловот на Членот 37 „Надлежност во случај на спор“ и Членот 37 се бришат.

**Член 19**

Се додава нов член 37 кој гласи:

Член 37

Доверливост и заштита на личните податоци

(1)Друштвото за осигурување е должно сите податоци за осигурениците и/или други корисници на осигурување со кои се стекнале во текот на вршењето на работи на осигурување, да ги третираат како доверливи податоци.
(2)Обврската за чување на доверливи податоци нема да се применува во следниве случаи:
1) ако податоците се потребни за утврдување на факти во кривични постапки или друга судска постапка и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци;
2) во случаи предвидени со Законот за спречување перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;
3) ако податоците се потребни за одредување на правните односи меѓу друштвото за осигурување и негов осигуреник и/или друг корисник на осигурувањето при спроведување на законски постапки;
4) ако податоците се потребни заради извршување на присилни постапки над недвижен имот на осигуреник или друг корисник на осигурувањето, и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци;

5) ако податоците се побарани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување или друг надлежен орган за супервизија, а заради спроведување на супервизија во рамките на утврдените одговорности;
6) ако податоците се побарани од страна на даночен орган, а во врска со водење на постапки во негова надлежност и
7) во случаите предвидени со законот кој го уредува задолжителното осигурување.
(3) Осигурувачот постапува исклучиво по поднесено писмено барање од барателот на информацијата

**Член 20**

Членот 38 се менува и гласи:

Член 38

(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до
1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување ( комисија за постапување по преставки)
2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
4. Агенцијата за супервизија на осигурување.
Преставката може да се поднесе во писмена форма лично или преку полномошник, дирекно во архивата на Друштвото на адреса на седиштето ,по пошта или електронски пат на маил адресата info@uniqa.mk , или во било која подружници на Друштвото .

Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува агенцијата за супервизија на осигурувањето.
Доколку спорот не решен во постапка по приговор ,секоја од страните во спорот може да и предложи на другата страна поведување на постапка за посредување согласно прописите кои ја уредуваат оваа постапка

За сето она што не е регулирано со овие Општи услови, Законот за супервизија на осигурување и Законот за заштите на потрошувачите важат одредбите на Законот за облигациони односи
(2)Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето , член 107 и член 108, податоците за осигуреникот и полисата се доверливи.

**Член 21**

По членот 38 се додава нов член 39 кој гласи:

Член 39

Орган надлежен за супервизија на друштвото за осигурување е Агенцијата за супервизија на осигурување до која осигуреникот ,корисникот или трето лице може да се обрати до допис или барање за заштита на своите права, поднесување на жалби или преставки

UNIQA

**Член 22**

По член 39 се додава нов член 40 кој гласи гласи

Член 40

Во случај на спор во врска со примената на овие Општи услови во поглед на односите помеѓу осигурувачот и осигуреникот/корисникот на осигурување или трети лица за извршувањето, обемот и пристигнувањето на обврските ке се примени Закон за облигациони односи ,Законот за супервизија на осигурувањето , Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за возила и другите важечки законски и подзаконски акти.

**Член 23**

Овие измени стапуваат на сила на 01.01.2021 година

**Член 24**

Условите за комбинирано осигурување на моторни возила да се објават на веб страната на УНИКА АД Скопје.

**Член 25**

Условите за комбинирано осигурување на моторни возила број 2018/0202-10 од 06.02.2018 година, од денот на стапување во сила на оваа одлука престануваат да важат.

**Член 26**

Се задолжува правна служба условите да ги изготви во соодветна форма согласно законските прописи и во рок од 5 работни дена од донесување на оваа одлука да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

Образложение:

Друштвото за осигурување во рамки на постапката за ревизија на Општите услови за осигурување ,спроведе анализа на условите заради утврдување дали истите се усогласени со законските одредби особено со членот 49,50 и членот 52 од ЗСО Воедно следејќи ги и останатите законски и подзаконски акти ,Друштвот пристап кон имплементација на законски измени и дефиниции заради услогласувањец со постоечките закони.Изврши и прецизирање на дел ос услцоите заради поефикасна примена од страна на договорните страни.

Новите услови ќе се применуваат за договори склучени од 01.01.2021 година.

Претседател на Управен одбор
на УНИКА АД Скопје
Дритон Азизи

UNIQA
Друштво за осигурување
УНИКА А.Д. Скопје
Генерална Дирекција
Правна служба